## Оној кој екологијата ја става под стапалото, трагата му мириса на нечовечност

Доста е, премногу далеку отидовме. Индустриската револуција нѐ доведе во непосакувана ситуација. Затоа ние, луѓето, „по природа” сме збеснети и продолжуваме да ги уништуваме изворите на животот. Мораме да запреме, да се промениме, да тргнеме во друга насока, да ги смениме сопствените животи и да го смениме начинот на мислење и дејствување. Да создадеме нова „ера на човекот”. Да престанеме да ја уништуваме земјата, човештвото, самите себеси. Мора да најдеме ново стојалиште, нова култура, нов поредок, ново единство на целото општество заради опстанокот на сите нас. Мораме да си промениме навиките. Да се бориме за својата иднина.

Природа, мал збор, но во себе крие многу богатства. Губењето на нашата иднина не е иста како губењето на избори, губењето на неколку банкноти или пак неколку монети. Тука сум да зборувам во име на сите генерации што доаѓаат. Тука сум да зборувам во име на безброј животни кои изумираат во целата планета затоа што немаат никаков спас. Тука сум да зборувам за вистината. За неколку години, ќе се плашам да излезам надвор на сонце, поради дупките во озонот. Ќе се плашам да дишам воздух поради бројните хемикалии кои ќе постојат во него. Водата во реките и езерата веќе не е чиста. Преплавена е со безброј отровни материи, каде се повеќе се зголемува степенот на загаденост, а рибите се повеќе и повеќе се загрозени. Многу често наидуваме на информации дека одредени видови на животни и растенија исчезнуваат засекогаш. Ако исчезне еден член од синџирот на исхрана, тогаш треба да е доволно јасно дека, човештвото за неколку години ќе исчезне - нема да постои. Сега кога гледам големи стада со животни, прашуми со птици, се прашувам: Дали тие ќе постојат и моите деца ќе имаат шанса да ги видат? Дали вие, дали вие сте се грижеле за вакви работи кога сте биле на мојата возраст? Дали би продолжиле да го уништувате светот, дури и кога би знаеле каков би бил исходот од таквата постапка? Ако знаете дека ќе умрете, тогаш, зошто живеете во ваква загадена средина и не превземате ништо? Ако знаете како ќе умрете и со тоа што не превземате ништо за подобра идинина, тогаш ископајте си ги гробовите. Се се случува пред ваши очи, а сепак се правите како да имаме доволно време за да си ги решиме проблемите. Чувајте ја природата. Ако ништо друго, одгледувајте цвеќе, барем во неколку саксии. И тоа е доволно. Ако не врне, барем ќе капне. И тоа е нешто, нешто што ќе те направи човек, човек кој мисли за подобра иднина. Покажете чувство дека се грижите за другите, дека се грижите за екологијата. Во држава во која што поголемиот дел од граѓаните безделничат, не може да се раѓаат големи дела. Најголема добрина која може да и се направи на една земја, не е да се градат големи згради, туку да се образуваат големи и добри луѓе кои ќе можат да најдат начин и средства за заштита на животната средина. Добар збор, царски врати отвара. Секое добро дело за екологијата е добро за сите.

Младите се нашата иднина. Јас сум уште млада и неискусна и сеуште не знам за решение, но тука сум за да ви кажам дека го немате ни Вие. Вие не знаете како да најдете начин да го заштитите озонот, не знаете како да го прочистите воздухот, вие не знаете како ја прекинете тенденцијата на изумирање на животните, не знаете како да го исчистите ѓубрето покрај улицата или во паркот, не знаете како да ги прочистите заматените води во нашата мала држава. Неможете да ја вратите шумата која што некогаш растела таму каде што сега има пустош, таму каде што сега постои висока зграда. Профитот на прво место. Ако не знаете како да ги поправите грешките кои секојдневно ги правите, ве молам, престанете да ја повторувате истата грешка. Може да сте вработени лица, правници, политичари, водители, професори, студенти, ученици, но сепак вие сте мајка, татко, брат, сестра, вујко, вујна, баба или дедо - и сите вие сте нечие дете.
Затоа мислите за ваше добро и за доброто на вашите најблиски и најсакани. Утре, вашето дете

да го прошетате во нашата зоолошка градина и да го разгледа богатството што го имаме , да ги разгледа сите животни и да знае да ги именува и разликува. А нѐ да се најдете во ситуација каде детето ќе ве праша: Мамо, што е тоа мечка? Вие ќе морате да му ги покажувате животните сликовито и да давате опис кој ви останал во сеќавање. Не дозволувајте вашето дете да нема можност да отиде во нашата зоолошка градина и со своите очи да види што е тоа мечка или пак некое друго животно. Да бидеме искрени, на природата мислиме само кога е "Ден на дрво" или пак кога е „Ден на Екологија". На телевизиските канали добиваме информација колку дрвја се насадиле, па кажете ми, како тие дрвја ќе опстанат во живот без вода и одгледување, кажете ми кога тие дрвја повторно ќе ги видите? Велат „мајката не го храни своето дете додека тоа нѐ почне да плаче". Па навистина е така. Голема штета е тоа што дрвото не може да зборува. Па и да зборува, ќе имаше ли некој кој ќе го слушне? На местата каде што се садат дрвјата, во планинските предели, неможеш да видиш куче, а не пак човек. Можеби светот е поделен со граници, но сепак луѓето се единство, единствената сила со која сите заедно треба да делуваме кон една единствена задничка цел, а таа цел е подобра и поздрава иднина. Кога посетив една градинка во околината на мојот град, едно дете ми рече - „Кога би бил богат, сите пари што ги имам, би ги дал на големи донации да се исчисти животната средина. Би го направил светот жив. Според мене природата е богатство. Колку повеќе се заштитува природното толку повеќе си богат. Богат си онолку колко што имаш во природата, а не во џебот. Може да се изгубат монетите и банкнотите, но природното, тоа е нешто што може да трае вечно". Тогаш сфатив, младите се нашата иднина.

Поради недостиг на вода би можело да дојде до трета светска војна. Зошто мислам така?
Затоа што целта на човештвото е да опстане, а водата е еден од основните услови за живот. Да бидеме искрени, водата нема ист вкус, каков што порано бил. Сте се запрашале ли некогаш: Дали нашата земја ќе го доживее истото што сега го живее Германија? Дали и ние би купувале вода од познатите маркети? Едноставно ќе мораме. Верувајте, кога сите пари ќе се потрошат за да се најдат економските решенија, какво прекрасно место би била оваа земја. Само тоа што е природно има сила долго да трае. Се што е природно би траело вечно. Должноста на човекот е да го заштитува природното и колку повеќе обврнува внимание за заштитата толку повеќе е човечен и хуман. Светот би бил убаво место кога би немало отпадоци и ѓубре по улиците и во паркот. Дали ние за тоа бараме решение? Да, бараме. Но дали го пронајде некој? Па се разбира дека да. Ако Кинезите од депониите прават играчки за деца, тогаш ние со нашите депонии правиме ридишта и планини. И потоа некој, ќе каже: Македонија е планинска земја. Па и нормално дека ќе биде. Ако во текот на годината насадиме десет илјади дрвја, тогаш во истиот тек на годината ќе исечеме или пак ќе уништиме десет пати повеќе дрвја. Зошто? Демек Македонија сиромашна земја била? Дали имате одговор ? Секако дека не. Македонскиот народ нема култура. Скопје, главен граду мој. Преубав, најубав, за другите најсовршен. Кога погледот ми е насочен кон небото, си пресовршен. Знаете ли зошто? Гледам преубави споменици, гледам преубави високи згради. Но, што ќе биде, што ќе биде кога погледот ќе го насочите кон земјата? Кажете ми, што ќе видите? Дали ќе газите на трева? Верувајте, не. Бадијала се тие кули, згради, споменици, кога единствената најголема река во оваа мала држава е толку многу загадена. Ќе бидам искрена и ќе ве прашам: Дали кога поминувате покрај реката Вардар се чувствувате како да сте во центарот на градот или пак како да сте на викенд во некоја фарма? Во училиште, во градинка не сте научени на добро воспитување. Не учите да не сте лоши кон другите, да се почитуваме, да не ги повредуваме другите, да не бидеме себични, да не бидеме алчни, да бидеме хумани, да не фрламе отпадоци на улица, да бидеме културни и да си ја заштитуваме животната средина. Па зошто тогаш изледувате надвор и ги правите сите тие работи за кои не подучувате да не ги правиме? Зарем за екологија би требало да мислиме само ние, децата? Во едно уво влегува во друго уво излегува? Правилата за вас не важат? Културата за вас не важи? Хуманоста за вас не важи? Добро и културно однесување за

вас не важи? Епа вие, што не мислите за екологијата, на што мислите? Ако изреката вели „учи од подобриот, учи од повозрасните“. Се прашувам: Од кого да учам, што да учам, и што ќе научам? Дали да учам од родители, дали да учам од наставници? Сите сте исти. Пред другите свила, во куќата свиња - пред другите хумани и еколози, во домот, фрлајте што сакате, никој нема да ве види. На секој втор даваме совети, им солиме памет, а ние ни доволна количина сол немаме за сопствениот. Прво треба да се смениме ние сопстените, па потоа да имаме лице да даваме совети, другите да учат од нас. Само така ќе имаме подобра и поздрава иднина. Затоа учете од оној кој што има што да ве научи. Секојдневно се убиваат дивите животни. Се прават гозби, се ставаат слики по социјалните мрежи. Луѓето се горди на самите себе мислејќи на тоа дека добро дело направиле. Да победат во војна за територија нема толку да се радуваат, како што се радуваат на убивањето диви животни. Објавите на социјалните мрежи имаат позитивни и негативни страни. Семејство кое споделува слики од одмор во Грција, треба да има на ум дека разни разбојници можат да се охрабрат и во ваше отсуство да извршат кражби од вашиот дом. Исто така верувам, дека и социјалните мрежи би имале позитивна страна во откривањето на еколошки кривични дела извршени од поединици или група на луѓе. Затоа за оваа кривично дело, испекторите би требале да ги казнат извршителите на оваа дејност бидејќи имаат доволен доказ, сликите од социјалните мрежи. И нешто не ми е јасно. Зошто не ги оправдувате животните што напаѓаат човек? Човек напаѓа животно и сосема јасно е дека и животно ќе нападне човек. Ако ви изгледа засташувачко кога ќе слушнете дека некое животно нападнало и повредило човек, тогаш и вие престанете да ги убивате дивите животни. Ставете се на нивното место. Дали би сакале да бидете убиени од страна на некој друг? Не дозволувајте лакомоста да ве направи нечовечен. Сторете се за да се намали бројот на убивање диви животни. Ајде да позборуваме малку и за нашите езера кои се повеќе и повеќе се загадуваат. Ако медиумите ни го прикажуваат процентот на нивната загаденост, тогаш зошто се капете во нив, народе? Бог вели „помогни си сам па и јас ќе ти помогнам“. Ние не си помогнавме. Човек може се да купи но памет не, тоа не се купува. Дали некој даде посебен напор во намалувањето на загаденоста? Дали езерата се прочистија? Сите мислевме дека тие сами од себе ќе се исчистат. И кога ќе слушнете за теориите за крајот на светот зошто сте толку исплашени, замислени и сето тоа ви изгледа засташувачко? Зошто? Кажете ми зошто? Затоа што самите придонесувате многу повеќе за уништување на светот. Што ќе посеете, тоа ќе си жнеете. И тоа треба да ви биде јасно. Во светот има многу убави и свети места, но најубаво е местото што човек може да го има на своја дланка и коешто го создава со своја дланка. Имаме многу богатства и треба да ги заштитуваме. Најскапо е тоа што не е за продавање.

Затоа делувајте! За добрите дела никогаш не е доцна. Инвестирајте во сопственото знаење. Најдете начин за да се намали загаденоста на околината за да имаме подобра иднина. Се што еднаш ќе се случи, не мора никогаш повеќе да се повтори, но ако се случи по втор пат, сигурно ќе се случи и трет пат. Затоа не ги повторувајте истите грешки. Придонесувајте колку што е можно повеќе. За иднината се работи, за доброто на вашите деца се работи. Работи, само со свои дела човекот се познава. Сработи, заврши па тогаш објави ги твоите дела поврзани со заштита на животната средина. Мотивирај и друг. Ако сакаш да успееш, прво прочитај една убава книга. Човекот прво треба да го научи значењето на зборот култура па потоа да даде придонес за заштита на околината и подобра иднина. Затоа не мора да бидеш подобар од другите, доболно е да бидеш најдобар за себе. Доволно е секој втор да го посака тоа за да имаме подобар живот. Кога знаете каков ќе биде ”Крајот на светот”, зошто продолжувате да го уништувате? Дај ми сила господе, да го издржам она што не можам да го сменам. Дај ми памет да го сменам она што го можам, а најмногу дај ми мудрост да правам разлика меѓу едното и другото.

Шифра: К-13